До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање на мислење, со кое од Државната комисија се бара мислење во однос на тоа дали постои судир на интереси при вршење на две функции во исто време: член на Совет на општина Росоман и член на Училишен одбор на основно училиште.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

(4) „**Избрано** или именувано **лице не може** истовремено да врши функција на одговорно лице или **член на орган на управување** или надзорен орган во јавно претпријатие, **јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал**."

Имено, согласно цитираните одредби постои забрана за вршење на други дејности кај избраните лица, по што Државната комисија укажува дека едно лице може да извршува само една од двете наведени функции, или член на Совет на општина Росоман или член на Училишен одбор на основно училиште.

Државната комисија известува дека доколку горенаведените функции се извршуваат во исто време настанува прекршување на забраните предвидени со член 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал доколку:

- спротивно на членот 44 врши некоја друга функција, должност или дејност што е неспојлива со неговата функција.“

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**